ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

1. Прашање:

Согласно нашите потреби, секоја година спроведуваме постапка за јавна набавка на семенски материјал.

Оваа година спроведовме пет постапки за набавка на семенски материјали од кои две постапки беа комбинирани, и за пролетна и за есенска сеидба, кои беа поништени. Потребата од семенски материјал ја разделивме и спроведовме посебна постапка за пролетна сеидба, а сега е во план спроведување на постапка за есенска сеидба.

Есенска сеидба се состои од сточен грашок во износ од 18.000,00 денари и семенски јачмен во износ од 14.000,00 денари или вкупно 32.000,00 денари.

Дали имајќи ја предвид проценетата вредност на есенската сеидба, треба да спроведуваме постапка за јавна набавка?

Одговор:

Планирањето на јавните набавки му овозможува на договорниот орган навремено задоволување на вистинските потреби во текот на годината со цел негово непречено функционирање, односно остварување на неговите законски надлежности.

Поради наведеново, договорниот орган треба однапред да утврди кои стоки, услуги или работи му се потребни, кога треба да се набават, потребата за финансирање или субвенционирање и која постапка за јавна набавка е најсоодветна имајќи ја предвид проценетата вредност и природата на предметот на набавка.

При тоа, вредносни прагови за примена на Законот за јавните набавки се определени во член 40 став (1). Истовремено, предвид треба да се имаат и ставовите (2) и (3) од наведениов член, согласно кои договорниот орган не смее да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање пониска вредност од реалната вредност на набавката, со цел да се избегне одредена постапка утврдена со законот, ниту смее да врши делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на овој закон.

Оттука, по спроведените „две (неуспешни) постапки за набавка на семенски материјали за пролетна и за есенска сеидба“, наместо да вршите поделба во посебни постапки, сте требале да ја испитате причината за недостатокот на интерес на економските оператори да учествуваат во постапките кои сте ги спровеле, со цел во иднина да не се доведете во слична ситуација. Така, доколку причина за неучество во постапката се лошо дефинирани тендерски услови или недоволно обезбедени средства, ќе треба да се посвети особено внимание при дефинирање на барањата и/или спецификациите, како и на правилна проценка на вредноста на набавката и средствата кои ќе бидат потребни за да се реализира предметната потребата.

Истовремено, препорачуваме спроведување и на анализа на пазарот (собирање информации), кои што можат да помогнат во дефинирање на барањата, во избирањето на најсоодветна постапка за избор на најповолна понуди како и начин на доделување на договорот. Всушност, анализата на пазарот ќе овозможи: Да се осознаат карактеристиките на пазарот, а особено последните случувања и трендовите кои што може да влијаат врз

конкуренцијата (на пр. мал број економски оператори, стандардизирани или едноставни производи, мал или никаков влез на нови понудувачи, итн.); Да се соберат информации за економските оператори, нивните производи, цени или трошковни структури; Да се соберат информации за последните промени во цените. Ова ќе овозможи договорните органи да бидат информирани за цените во ордедени географски подрачја (пазари) и за цените на потенцијални алтернативни производи; Да се соберат информации за претходни понуди за исти или слични производи.

Воедно, согласно член 76 од законот, по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка, можете да спроведете технички дијалог со економските.

Со оглед на проценетата вредност на потребата (сточен грашок во износ од 18.000,00 денари и семенски јачмен во износ од 14.000,00 денари или вкупно 32.000,00 денари), истата би можеле да ја задоволите без примена на одредбите од законот. Сепак, предвид треба да имате дека утре во случај на ревизија би можеле да добиете наод дека е извршено делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на овој закон.

## ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

### 2. Прашање:

Како претседател на комисија за јавна набавка пред отворањето на понудите, потпишав предлогот за поништување на постапката за јавна набавка, поради технички грешки во описот на опремата.

Сега повторно сум назначен за претседател на комисија која треба по втор пат да ја спроведе постапката за јавна набавка.

Дали, во конкретниов случај постои судир на интереси имајќи предвид дека го потпишав предлогот за поништување на претходната постапка?

### Одговор:

За потребата од јавна набавка согласно член 77 став (1) од законот, одлучува договорниот орган. Со одлуката за јавна набавка меѓуостанатото се назначува составот на комисијата.

Со законот се пропишуваат работите кои комисијата во зависност од видот на постапката ги врши, се задолжуваат членовите на истата да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, а бројот на членови мора да е непарен.

Имено, при определувањето на претседателот и членовите на комисијата предвид треба да се има специфичноста на предметот на набавка и освен лице/а за јавни набавки (кои имаат познавање на правилата за јавните набавки), во комисијата треба да членуваат и лице/а кои имаат познавање од предметот на набавка.

Од друга страна, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: Судир на интереси подразбира судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот

интерес на службените лица, во којшто службеното лице има приватен интерес, што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности.

Следствено на изнесеното, тоа што како претседател на комисијата за јавна набавка сте се потпишале на „предлогот за поништување на постапката поради технички грешки“, не би требало да биде пречка за повторно Ваше назначување како претседател на комисијата за јавни набавки које е задолжена за спроведување на повторената постапка.

## ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**3. Прашање:**

Дали во постапка за јавна набавка како економски оператор може да се јави невладина организација и да даде понуда, односно дали треба да се евалуира поднесена понуда од страна на регистрирана невладина организација.

**Одговор:**

Под терминот економски оператор согласно член 2 став (1) точка 6 од Законот за јавните набавки се подразбира секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи. При тоа, согласно член 28 од законот, секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно член 107 од овој закон.

Во однос на Вашето прашање предвид треба да се имаат и прописите кои го уредуваат основањето и деловната активност на невладините организации односно здруженија.

**4. Прашање:**

Доколку во поедноставена отворена постапка избереме начин на докажување на способноста со „документи за утврдување способност" и дополнително прикачиме и "изјава за способност", дали Изјавата за способност би имала предност. Дали ќе може Договорниот орган да ни побара да прикачиме документи во фаза на евалуација?

Ако во моментот на поднесување документите се со валиден рок, а при евалуација одреден документ е со истечен рок и сеуште автоматски не е превземент новиот документ (што сме го прикачиле), би можеле истиот да го прикачеме одново во моментот на евалуација?

**Одговор:**

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став (3) од законот, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

По исклучок, согласно со ставот (3) од член 49, во случај економскиот оператор да достави и изјава за докажување на способноста и документи за докажување на способност, комисијата ќе ја евалуира изјавата.

Доколку, економскиот оператор избрал бараната способност да ја докаже со доставување на потребните документи, комисијата при евалуација на истите може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

Согласно ставот (4) од истиот член, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен во рок кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена да ги достави документите за утврдување способност доколку со понудата доставил изјава за докажување на способноста, а во спротивно ќе се смета дека ја повлекува понудата. Воедно, договорниот орган кај оваа постапка ги прифаќа документите за утврдување на способност кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.

Истовремено, треба да се има предвид дека доколку во определениот рок економскиот оператор не ги достави документите или достави нецелосни документи или достави невалидни документи, договорниот орган без да утврди дополнителен рок за доставување на документи, констатира дека економскиот оператор ја повлекува понудата и согласно член 101 став (6) алинеја 1 и член 101 став (7) од законот, објавува негативна референца во ЕСЈН.

5. Прашање:

Дали како надворешен член ангажиран за евалуација на понудите од технички аспект имам право да користам интернет податоци со цел проверка на понудените производи и каталози? И ако значително се разликуваат од понудените имам право на отфрлање на понудата?

Одговор:

Согласно член 77 став (2) од Законот за јавните набавки, со одлуката за јавна набавка се утврдува предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка и се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно.

Согласно член 79 став (1) од Законот, Комисијата самостојно и независно ја спроведува постапката за јавна набавка согласно со овој закон.

Надлежностите на Комисијата за јавни набавки се утврдени во ставот (2) од истиот член, каде меѓу останатото е наведено и дека ги проверува техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација, и утврдува неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи.

Од друга страна, Законот не ги утврдува надлежностите на надворешните стручни лица, заради што нивната улога и обврски во процесот на евалуација треба да бидат утврдени во одлуката за јавна набавка и/или во интерни процедури на договорниот орган.

Имајќи го предвид горенаведеното, треба да се има предвид дека надворешните стручни лица се лица кои не се членови на комисијата за јавни набавки и кои на комисијата треба да и помогнат при евалуацијата на понудите, особено техничките понуди, согласно сопствено знаење, истражувања и правила на струката.  Овие лица може да се вработени кај договорниот орган или пак да се ангажирани од надвор. Надворешните стручни лица своето мислење го даваат во вид на извештај кој е составен дел од досието од спроведената постапка, и во определените законски рокови.

Притоа, напоменуваме дека ангажираното надворешно стручно лице нема право на глас во одлучувањето на комисијата за јавна набавка.

## ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

### 6. Прашање:

Имаме потреба од спроведување на постапка за јавна набавка на осигурителни услуги (осигурување на имот, опрема, залихи, возила и колективно осигурување на вработени).

Дали е потребно предметот на набавка да го оформиме во делови, имајќи предвид е вклучено осигурувањето од жива и нежива природа.

Исто така, дали за оваа постапка може да ангажираме брокер, посредник во осигурувањето?

### Одговор:

Договорниот согласно член 78 став (1) од законот, може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.

Целта на оваа одредба е да ги охрабри договорните органи да го поделат предметот на набавка на делови со цел да се поттикне учеството на мали и средни претпријатија (МСП). При носењето на одлуката за деливоста, бројот и големината на деловите, секогаш треба да се има претстава за можностите на пазарот за таа стока или услуга и да се изврши одредена анализа на пазарот.

Набавката може да се подели на неколку различни начини, а се во зависност од предметот на набавката, обемот/вредноста и потребите на договорниот орган, како на пример:

- според видот и сродноста на стоката или услугата која се набавува – На пр., набавка на ИКТ опрема – Дел 1: преносни компјутери; Дел 2: персонални компјутери; Дел 3: опрема за видео надзор; Дел 4: сервери итн.

- според можностите на економските оператори да дадат понуда – На пр., услуги за одржување на објект за домување, можна поделба: Дел 1: општи планирани поправки, одржување и итни поправки; Дел 2: изведување електрична инсталација и нејзино одржување; и Дел 3: инсталација и одржување уреди на гас.

- географска – можна поделба на набавката на региони или подрегиони, во зависност од предметот на набавката.

- според вредноста – делење на набавката на помали делови (вредносно), земајќи ги предвид горенаведените можности, со цел поттикнување на поголем број на мали фирми да учествуваат со своја понуда.

Исто така, препорачуваме спроведување на анализа на пазарот, преку која ќе соберете информации кои што ќе ви помогнат како во дефинирањето на барања за набавки, така и во донесувањето на одлука дали е поцелисходно предметот на набавка да го оформите во делови. Анализата на пазарот, односно претходна проверка на пазарот треба да ја спроведете во согласност со член 76 од законот, по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка.

Од друга страна, општите исклучоци од примена на законот, односно јавните набавки за кои не постои обврска за примена на законот, се уредени со членот 23.

Оттука, услугите за застапништво и посредување во однос на осигурување не претставуваат исклучок од примена на законот.

Имено, осигурително брокерски работи согласно член 135 став (1) од Законот за супервизија на осигурување, се: посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и при реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан.

Со член 142 став (1) и (2) од Законот за супервизија на осигурување, е предвидено дека Осигурителниот брокер нема право да наплаќа провизија или друг вид надомест од осигуреникот, освен доколку поинаку не е предвидено со договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот, а доколку со договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот е предвидено дека осигурителниот брокер има право на провизија, истиот се стекнува со правото на таа провизија со денот на влегувањето во сила на договорот за осигурување за кој е извршено посредувањето.

Од наведениве одредби произлегува дека, Законот за супервизија на осигурување му дозволува на осигурителниот брокер во договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот, да предвиди одредба согласно која има право на провизија.

Оттука, Бирото останува на мислењето дека договорните органи треба да спроведуваат постапки за јавна набавка на услуги за застапништво и посредување во однос на осигурување.

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

7. Прашање:

Дали пропуштањето на договорниот орган во тендерската документација да го определи рокот за испорака, односно дали наведеното „испорака во определен рок", е доволен пропуст согласно член 81 и 114 од законот, за да се поништи постапката за јавна набавка.

Дали договорниот орган има обврска да го определи рокот за испорака во тендерска документација.

Сметаме дека неопределувањето на рокот во тендерска документација остава простор за создавање на недоразбирања помеѓу економските оператор и договорниот орган.

**Одговор:**

Согласно член 81 став (1) од Законот за јавните набавки (во натамошниот текст: закон), договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Од наведенава одредба произлегува дека тендерската документација претставува „Закон за јавни набавки" за економските оператори кои имаат интерес да учествуваат во постапката за јавна набавка, па оттука истата треба да ги содржи сите неопходни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, барањата, условите, критериумите и други потребни податоци со цел да им овозможи на економските оператори да доставaт прифатливи понуди.

Наведеново упатува на тоа дека договорниот орган (во зависност од предметот на набавка и потребата истиот да го има во одреден временски рок), е тој кој го определува рок за испорака.

Напоменуваме, барањата и условите поврзани со предметот на набавка ги определува договорниот орган. Она што претставува законско барање е тендерската документација, во зависност од видот на постапката, да содржи:

- општи информации во врска со договорниот орган;
- упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество;
- минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност;
- технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација;
- упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда;
- детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда;
- упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и
- информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.

Во однос на поништување на постапката за јавна набавка, истата може да се поништи само и единствено доколку е исполнет некој од основите наведени во член 114 став (1) алинеи 1-8 од законот, за што во одлуката за поништување треба да е содржано и соодветно образложение.

Додека, Државната комисија за жалби во жалбената постапка по службена должност задолжително проверува дали се сторени битни повреди во постапката.

8. Прашање:

Договорен орган спроведува отворена постапка за набавка на услуги која ќе заврши со склучување рамковна спогодба со повеќе економски оператори без повторно прибирање на понуди.

По спроведување на постапката, донесување на одлука за избор на најповолни понуди и испраќање на известувања до економските оператори, Комисијата увиде дека при евалуацијата е направен пропуст, при што избраниот прворангиран понудувач нема доставено техничка понуда која треба да биде составен дел од спогодбата, од што произлегува дека истиот е неприфалив понудувач и со него не може да се склучи спогодба.

Следнорангираните прифатливи понуди немаат значителни отстапувања во финансиските понуди и се со приближна понудена цена во однос на досега прворангираната понуда која е неприфатлива, а при тоа истите се сеуште во важност.

Дали Комисијата за јавна набавка може да продолжи со евалуација на останатите прифатливи понуди, со цел правилно и успешно да се заврши започнатата постапка за јавна набавка.

Одговор:

Согласно член 2 став (1) точка 11 од Законот за јавните набавки (понатаму: Законот), „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно член 105 став (1) од Законот, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно член 79 став (2) алинеи 7 и 9 од Законот, Комисијата ги проверува техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација, и утврдува неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи.

Имајќи го предвид горенаведеното, доколку со донесената одлука за избор се прави избор на понуда која не е прифатлива, одлуката треба да се стави вон сила, и да се донесе нова соодветна одлука.

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

9. Прашање:

На постапка објавена од страна на договорен орган, поставивме неколку прашања, од кои добивме делумен одговор само на неколку од нив. Со оглед на тоа што рокот за одговор на поставените прашања истече, се прашуваме каков ќе биде исходот.

Исто така, договорниот орган во тендерската документација навел дека „доставените мостри доколку бидат употребени во текот на евалуација, нема да се вратат". Сметаме дека наведеново треба да се острани од тендерската документација.

Одговор:

Тендерската документација која има клучна улога во постапките за јавни набавки ја изготвува договорниот орган. Со неа треба јасно да се дефинираат стоките, услугите или работите што треба да се набават, потребните количини, условите за способност што треба да ги исполнуваат економските оператори и начинот на докажување на истите, критериумот врз основа на кој ќе се избере најповолната понуда, условите што треба да ги задоволат понудите за да се сметаат за прифатливи, како и правата и обврските кои ќе ги има понудувачот во случај неговата понуда да биде избрана за најповолна.

При тоа, договорниот орган ја изготвува тендерската документација на начин кој ќе ја поттикне конкуренцијата помеѓу економските оператори.

Прашањата за појаснување на тендерската документација согласно член 81 став (4) од законот, економските оператори треба да ги достават најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество кај отворена или ограничена постапка, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност.

По добивање на одредено прашање/а за појаснување, договорниот орган е должен веднаш да одговори на истото/ите, а преку посебниот модул во ЕСЈН за оваа намена одговорот/ите го/и доставува до сите економски оператори кои ја презеле тендерска документација, при што не смее да го наведе името на операторот кој побарал појаснување.

Исто така, договорниот орган во тендерската документација треба да наведе дали со понудата треба да се достават и мостри, како и начинот на постапување со истите по донесување на одлука за избор или поништување на постапката.

Воедно, согласно со член 138 став (1) од законот, секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.

Додека, Државната комисија за жалби одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките и за други работи согласно со закон.

## УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

10. Прашање:

По донесувањето на новиот Закон за енергетика („Службен весник на РСМ" бр.101/25) и обврската да нафтените компании во РСМ поднесат барање за промена на Лиценците за трговија со нафта и нафтени деривати заклучно со 30.06.2025 година, како договорен орган

се соочивме со проблем бидејќи нафтените компании не се јавуваат на огласите за јавна набавка.

Како договорен орган спроведовме две поедноставени постапки и тоа во месец мај која беше поништена бидејќи не беше поднесена ниту една понуда, и во месец јули која исто така беше поништена бидејќи единствениот економскиот оператор кој достави понуда не поседуваше важечка Лиценца за трговија со нафта и нафтени деривати.

Дали поради ваквата ситуација во која се наоѓаме, а со оглед дека се ближи грејната сезона можеме да склучиме Договор преку постапка со преговарање без објавување на оглас согласно чл.55 ст.1 точка а) од законот, и дали таа постапка може да се спроведе во моментот со оглед дека во тек изборен процес?

**Одговор:**

Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи согласно со член 55 став 1 под а) од законот, кога по претходно спроведени две отворени или поедноставени отворени постапки, на кои не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација.

Од изнесеново јасно произлегува дека постапка со преговарање без објавување оглас врз основа на горенаведениот основ, договорниот орган може да спроведе доколку претходно спровел две поедноставени отворени постапки или отворени постапки, на кои не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, и под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација.

Истовремено, предвид треба да се има и дефиницијата за несоодветна понуда дадена во член 2 став (1) точка 12 од законот, согласно која „несоодветна понуда е понуда која не одговара на потребите и барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација без значителни промени“.

Оттука, дали единствената доставена понуда (во повторената постапка) на понудувачот кој „не поседувал важечка Лиценца за трговија со нафта и нафтени деривати“, може да се смета за несоодветна, како и дали се исполнети условите од член 55 став 1 под а) од законот, за спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас е одлука која треба да ја донесе договорниот орган врз основа на целокупната документација кој ја поседува.

**11. Прашање:**

Во постапка за јавна набавка доставена е понуда од група на економски оператори, каде два члена се странски правни лица и тоа едно правно лице е од Франција, а другото правно лице е од Србија, а носителот на групата е правно лице од Македонија.

Едно исто лице е застапник кај двете странски фирми и тоа Француската фирма го овластува за застапување, а во Српската фирма е Директор.

За правното лице од Франција со понудата доставена е Изјава за непостоење на причини за исклучување односно дека за дел од документите не постојат надлежи органи во Франција кои ги издаваат. Изјавата е заверена на нотар во Белград, пришто во нотарската заверка стои дека лицето кое ја дало Изјавата е во својство на законски застапник на правното лице од Србија, а не на правното лице за која се однесува Изјавата (Франција).

Побарано е да се достави валидна Изјава за непостоење на причини на исклучување од Франција. Во бараниот рок е доставена Изјава за непостоење на причини на исклучување од Франција заверена кај нотар во Франција пришто Изјавата е заверена со датум по јавното отварање на понудата.

Дали ваквата Изјава која е со датум по јавното отварање на понудата може да ја прифатиме во понатамошната евалуација?

Одговор:

При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, согласно со член 109 став (2) и (3) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата.

Оттука, комисијата врз основа на фактичката состојба оценува дали ќе ја искористи оваа можност, односно дали ќе бара економскиот оператор дополнително да го достави потребниот документ/и.

При тоа, согласно член 95 став (6) од законот, документите со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката (член 88 ставови (1) и (2)), не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.

Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите со кои се докажува дека не постаојат причини за негово исклучување од постапката или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган.

Во отворена постапка комисијата може да побара понудувачите дополнително да достават некој од бараните документи, но доколку истите се издадени од надлежен орган датумот на издавање треба да е со датум пред датумот на јавното отворање на понудите. Документите за утврдување на способност што самиот економски опеартор ги составува може да бидат и со датум по јавното отварање.

Од податоците наведени во прашањето произлегува дека комисијата ја искористила можноста која ја дава членот 109 став (2) од законот. Од друга страна, од природата на документот (изјава заверена од надлежен одган – нотар), произлегува дека истата ќе е со датум кога се врши заверката.

Оттука, а имајќи предвид дека од прашањето не е јасно каков вид на постапка е спроведена (отворена или поедноставена отворена постапка), комисијата е таа која треба да ја донесе конечната одлука во однос на постапувањето со наведената понуда.

12. Прашање:

Врз основа на објавен оглас за набавка на прехрамбени производи и пијалоци, поднесена е жалба од економски оператор од причина што како доказ за способност за вршење на професионална дејност сме барале ДРД образец, но не и доказ за исполнување на посебен услов, односно Решение дека економскиот оператор е регистриран во Регистарот на објекти и оператори со храна издадено од АХВ. Во изминатите години, при спроведување на овој вид на постапка за јавна набавка, не е баран овој посебен услов.

Дали овој документ треба задолжително да го бараме при спроведување на ваков вид на набавка, од причина што огласот е објавен и за истиот не е спроведена административна проверка.

Одговор:

При спроведување на постапките за јавни набавки, покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат и одредбите од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Истовремено, при утврдување на способноста за вршење на професионална дејност договорниот орган согласно член 90 став (1) бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Сепак, треба да се има предвид дека постојат одредени дејности за кои освен документ за регистрирана дејност, е потребно и поседување посебна лиценца, дозвола или сертификат за да може да се врши таа дејност. Овие посебни лиценци, дозволи или сертификати што се предвидени со материјалните прописи треба да се имаат предвид и при спроведување на постапки за јавни набавки. Така, кога договорниот орган доделува договори за јавна набавка, за кои со материјалните прописи се бара поседување на соодветни лиценци, дозволи или сертификати, истите согласно член 90 став (2) од законот, треба да се бараат од економските оператори покрај документот за регистрирана дејност.

Оттука, за да утврдите дали при спроведување на конкретниот предмет на набавка, е потребно да го барате и горенаведеното решение потребно е предвид да ги имате барањата кои произлегуваат од материјалните прописи.

Истовремено, напоменуваме дека Бирото управува со Електронски систем за јавни набавки (ЕСЈН), односно овозможува негово непречено користење од страна на договорните органи и економските оператори, додека за веродостојноста и точноста на внесените податоци на ЕСЈН, како и за целокупната документација одговорноста ја сносат самите договорни органи.

При тоа, предмет на административна контрола не се и не можат да бидат сите објавени постапки за јавни набавки, туку само оние кои ги исполнуваат условите од член 172 став (3) и (4).

13. Прашање:

Во постапка за јавна набавка како доказ за исполнување на условот за техничка и професионална способност, е барано понудувачот треба да достави Листа на главни извршени услуги во последните 3 (три) години, со вредности, датуми, купувачи, како и потврди за извршени услуги од областа на предметната набавка.

Во делот каде што е наведено дека понудувачот треба да има минимум еден успешно реализиран договор со износ од најмалку 14.000.000,00 денари, бараме појаснување дали е правно издржано следново, односно дали ќе се прифати како валиден доказ потврда за успешно извршени услуги во износ од 14.000.000,00 денари, доколку тој износ веќе фактуриран, но, договорот сè уште се реализира (не е завршен во целост)?

Дополнително, дали во тој случај е доволно како доказ да се достави потврда за извршените и фактурирани услуги во наведениот износ, заедно со прилог – фактури и примерок од договорот?

Одговор:

Во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже на еден или на повеќе начини, наведени во член 95 став (8) од законот.

Согласно член 95 став (8) точка а) од законот, во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи издадени од договорни органи или економски оператори, со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги.

Со горенаведениот доказ, односно со листата на главни испораки економскиот оператор го докажува искуството од релевантни претходни испораки на стоки или извршени услуги кои успешно ги реализирал. Покрај листата која ја подготвува самиот економски оператор и која содржи вредности, датуми и купувачи, за секој од договорите е должен да обезбеди и потврда за успешна реализација на истиот од крајниот корисник (договорен орган или економски оператор).

Кога еден договор се смета за реализиран (завршен), зависи од предметот на набавка (стоки, услуги или работи). Оттука, во предвид треба да се имаат материјалните прописи (со кои се уредува предметот на набавка и кои исто така, се применуваат при спроведување на постапката за јавна набавка) како и добрата пракса и професионалните стандарди. На пример, ако станува збор за изведување на работи, договорот се смета за целосно реализиран по извршениот технички прием на работите (предмет на набавка) и извршеното примопредавање. Ако станува збор за договор за јавна набавка на стоки или услуги, договорот се смета за реализиран по извршената испорака на стоките или извршувањето на услугите и потпишување на записник за квантитативен и квалитативен прием.

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. Оттука, договорниот орган има обврска во тендерската документација согласно член 81 став (1) од законот, да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот

оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Од друга страна, евалуација на понудите претставува процесот на оценување на понудите од страна на комисијата за јавна набавка. При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата во предвид треба да ја има дефиницијата за „прифатлива понуда“ од член 2 став (1) точка 11 од законот.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

### 14. Прашање:

Дали може договорниот орган да издаде негативна референца, доколку економскиот оператор не одговори на поставено прашање. Имено, прашањето е поставено согласно член 110 од законот, и со истото договорниот орган бара да се објасни конечната цена? Прашањето е поставено по завршена е-аукција?

### Одговор:

Договорниот орган ја наплаќа банкарската гаранција на понудата ако понудувачот:

ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,

не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,

не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или

не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Со наведениов член таксативно се наведени случаите кога може да дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата и пристапување кон издавање на негативна референца.

Од друга страна, договорниот орган понудата ја отфрла поради недоставено објаснување или доколку доставените докази не се доволни да се оправда неразумно ниската цена, и истата не продолжува во понатамошните фази од постапката, односно нема можност да биде избрана за најповолна, поради што во ваков случај постапката се продолжува со останатите понудувачи, доколку истите имаат прифатливи понуди.

Од погоре изнесеното произлегува дека негативна референца не се објавува при не доставување на образложение во однос на дадената невообичаено ниска цена.

## ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

### 15. Прашање:

При поднесување на групна понуда, доколку во договорот конкретно е наведено кој од членовите на групата кој дел од работите ќе ги изведува и кој од членовите на групата кој дел од техничката и професионална способност ќе ги стави на располагање во рамки на

групата на понудувачи, дали освен договорот за поднесување на групна понуда, потребно е и склучување и на договор за техничка подршка согласно член 96 од законот?

Одговор:

Во постапките за јавни набавки согласно со член 106 став (2) од законот, може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата.

Составен дел на групна понуда согласно со член 106 став (5) од законот, е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

Од друга страна, согласно член 96 став (1) од законот, економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив. Исто така, согласно со ставот (6) од наведениов член, групата економски оператори може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, согласно со став (6) од истиот член.

Од изнесеново јасно произлегува дека, во случај на група економски оператори сите членови заедно (не поединечно) треба да ги исполнат минималните барани услови со кои ќе се потврди дека економските оператори ги имаат потребните економско-финансиски и техничко-професионални капацитети.

Во однос на исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство, истите треба да ги исполнува оној член од групата кој ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност. Ова треба да биде јасно видливо од договорот за поднесување групна понуда.

Доколку, групата економски оператори користи способност од други субјекти, тогаш истата е должна да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе им ги стави на располагање соодветните ресурси.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

### 16. Прашање:

Спроведовме поедноставена отворена постапка за набавка на електронски систем за наплата на паркинг услуги, односно за софтвер за зонско паркирање. Постапката е во фаза на евалуација и донесување одлука за избор. Поради извесноста дека ќе треба да се

префрлиме на софтвер кој за прв пат треба да се инсталира кај нас: Дали може да се побара презентација на понудениот софтвер, во оваа фаза (иако не е предвидено во тендерската документација), но е пожелно заради специфичност на набавката, а и од причина да не настане прекин во услугата за зонско паркирање до преземање од новиот оператор. Дали како докаж за исполнување на условите за техничка и професионална способност, може да се прифатат како доказ активните договори доставени од подизведувачот кои се однесуваат на друг софтвер а не на понудениот?

Одговор:

Тендерската документација треба да ги содржи сите неопходни информации во врска со начинот на спроведување на постапката, барањата, условите, критериумите и други потребни податоци со цел да им овозможи на економските оператори квалитетно и навремено да ги изготват и поднесат своите понуди. Дополнително, во истата треба да бидат наведени и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган.

Имајќи го предвид изнесеново, комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација, а врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

Воедно, дополнително закажување на презентација на понудениот софтвер и тоа само од оној понудувач чија понуда е извесно дека би била најповолна би значело повреда на начелото на еднаков третман на економските оператори.

## ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

17. Прашање:

Спроведовме постапка за јавна набавка на работи. Во законски предвидениот рок е извршена измена на и тендерската документација во делот на начинот на плаќање, односно предвидено е исплатата за изведување на работите предмет на набавката да биде извршена заклучно со декември 2027 година. Но, не е направена измена на времетраењето на договорот чиј период на важност останал 12 месеци од денот на склучување.

Договорот за јавната набавка веќе е доделен и склучен со најповолниот понудувач, оттука дали би направиле повреда на законските одредби доколку рокот на важење на договорот

би го усогласиле со начинот на плаќање, односно Договорот да важи до декември 2027 година?

За предметната набавка потребните средства се обезбедени со одлука на Министерството за транспорт и врски?

**Одговор:**

Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од законот, се склучува и извршува согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

На договорниот орган и на носителот на набавката во основа не им е дозволено да договараат измени во постојниот договор или рамковна спогодба. Условите од склучениот договор треба да ги одразуваат обврските кои обете договорни страни ги преземале а биле наведени во тендерската документација и понудата што била избрана за најповолна.

Сепак, во пракса може да се јави потреба од ограничени измени во постојниот договор за јавна набавка. Имено, договорниот орган и носителот на набавката може да бидат соочени со ситуации кои наложуваат измени на договорот.

Така, договорот за јавна набавка согласно член 119 од законот, во текот на неговата важност може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет некој од условите наведени во став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од член 119.

Но, за да се искористи можноста која ја дава овој член, договорниот орган најнапред треба да утврди дали согласно член 119) став (4) Измената на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба се смета за значителна доколку поради неа договорот или рамковната спогодба значително се разликува од првично доделениот договор за јавна набавка или рамковна спогодба, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапката за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка.

Имајќи го предвид наведеното, Бирото е на мислење дека измената на времетраењето на договорот до декември 2027 година, е спротивно на член 119 став (4) и измената на договорот во конкретниот случај би преставувало повреда на законските одредби.

## КВАЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ

**18. Прашање :**

Имаме спроведено јавна набавка со квалификациски систем каде во првата фаза при квалификацијата имаме прикачено техничка спецификација со одреден број на позиции. Дали можеме во втората фаза од јавната набавка техничката спецификација да ја надополниме со одредени позиции и дали може да прикачиме нова техничка спецификација која ќе се однесува за истороден предмет (од исти вид)? Пример: Квалификациски систем се однесува на репарација на оредени редуктори, а дополнително да прикачиме техничка спецификација за друг редуктор кој не бил внесен во првата техничка спецификаци.

Одговор:

Согласно член 74 став (3) од Законот за јавните набавки, квалификацискиот систем се воспоставува со објавување на оглас за воспоставување на квалификациски систем на ЕСЈН.

Воедно, согласно став (5) од горенаведениот член, квалификацискиот систем ги вклучува редовните постапки за јавни набавки во однос на утврдување на способноста на економскиот оператор и ќе биде во согласност со редовните постапки за јавни набавки во однос на изготвување на техничките спецификации или техничките стандарди, при што таквите технички спецификации, можат да се модифицираат по потреба.

Оттука, кај постапките кои што се спроведуваат во фази, потребно е да се има предвид и искуството на земјите членки на ЕУ, при што може да се заклучи дека деталните технички спецификации договорниот орган ги утврдува во втората фаза од постапката, односно кога ги поканува квалификуваните кандидати да поднесат понуда.

Исто така, договорниот орган во огласот за воспоставување на квалификациски систем и во тендерската документација го наведува описот на предметот на набавка за да знаат потенцијалните економски оператори дали да учествуваат со пријава за учество или не, но нема обврска за обезбедување на детални технички спецификации.

Имајќи го предвид горенаведеното, деталните техничките спецификации договорниот орган ги утврдува во тендерската документација кога ги поканува квалификуваните кандидати да поднесат понуда.